Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 01.03.2024

Денеска (01.03.2024) во 04.00 часот во с.Сенокос, општина Долнени, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода малолетник и В.Т.(21), двајцата од с.Сенокос, поради сомнение за сторено кривично дело „убиство". Имено на 29.02.2024 во 19.37 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на бул. „Гоце Делчев" во Прилеп било пронајдено лице со повреди, по што било пренесено во Градска болница Прилеп, каде што лекар констатирал смрт и било утврдено дека се работи за малолетник од Прилеп. Полициски службеници од ОВР Прилеп заедно со јавен обвинител извршиле увид на местото на настанот, а по судска наредба бил извршен претрес во домот на малолетникот во с.Сенокос, при што биле пронајдени и одземени предмети со кои било извршено кривичното дело. Со малолетникот бил извршен службен разговор, во кој го признал делото, а по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него е поднесена кривична пријава по член 123 од Кривичниот законик.

На 01.03.2024 во 10.30 часот на ул.„Аврам Писевски" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(31) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од три години и шест месеци за сторено кривично дело „разбојничка кражба" по член 238 во врска со член 22 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Полициската станица Бит Пазар, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено – поправна установа за издржување на казната.

На 01.03.2024 во 06.55 часот на ул.„Зендел Џемаил" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода О.Б.(58) од с.Огњанци, скопско. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од три години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 во врска со член 22 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Полициската станица Гази Баба, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено – поправна установа за издржување на казната.

На 29.02.2024 околу 20.50 часот на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 18-годишниот тетовец Е.М.. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и семки.
Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

Денеска (01.03.2024) во 00.10 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.П.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.
Денеска (01.03.2024) во 02.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.А.(32) од Велес и В.А.(34) и К.Б.(34), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.02.2024 во 23.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.Ф. (26) од Куманово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Т.Ф. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 29.02.2024 околу 21.25 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Ф.Р.(25) од тетовско Камењане. При негов и преглед на патничко моторно возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал Р.Р.(30) од истото село, а тој бил сопатник, му била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот и против него ќе следува поднесок.

На 29.02.2024 во 10.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Т.(39) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (29.02.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 182 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 80 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 102 надвор од населено место.

На 29.02.2024 во 07.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Македонско - косовска бригада", пред крстосница со ул.„Адем Демачи", патничко возило „фолксваген" со италијански национални ознаки, управувано од А.С.(19) од с.Арнакија, скопско, удрило во пешакот С.Х.(49) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, а со телесни повреди се здобиле двајца малолетни сопатници од возилото, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.02.2024 во 09.00 часот во Полициската станица Гази Баба, С.Ј.(27) од с.Инџиково, скопско, пријавила дека на ул.„8" во с.Инџиково била касната од куче скитник.

На 29.02.2024 во 13.20 часот во Полициската станица Карпош, С.К.(25) од Скопје пријавил дека на ул. „Руѓер Бошковиќ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 29.02.2024 во 16.10 часот во Полициската станица Аеродром, Н.В.(31) од Скопје пријавила дека на ул. „69" во Скопје била касната од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.М.(22) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници извршиле претрес кај пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Л.(42) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 27.02.2024 во семејниот дом, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга и ѝ нанел повреди.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.С.(38) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење на службено дејствие". На 16.02.2024, пријавениот оштетил дел од инвентарот во хируршкото одделение при Општата болница во Струга и агресивно се однесувал кон еден вработен.

На 29.02.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" – Скопје било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен М.Б.(28) од с.Студеничани, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на градежни работи на подрачјето на Гази Баба. Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.02.2024 во 11.20 часот во СВР Скопје, И.Т.(49) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба од залутано зрно бил оштетен кров на товарно возило „фиат" со скопски регистарски ознаки. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.02.2024 во 23.15 часот, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода ја привеле К.А.Р.(49) од САД затоа што во зграда на подрачјето на Кисела Вода го нарушила јавниот ред и мир и агресивно се однесувала кон дел од станарите. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.02.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, О.Г.(40) од Скопје пријавила дека околу 15.30 часот на подрачјето на општина Аеродром, по претходно недоразбирање во сообраќајот, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.02.2024 во 19.00 часот во СВР Скопје, Т.А.(64) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на подрачјето на Драчево бил физички нападнат од З.А.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.02.2024 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.00 часот на подрачјето на Гази Баба, малолетник од Скопје, штитеник на СОС Детско Село, бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.02.2024 во 23.05 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „8 Септември" било пријавено дека околу 12.00 часот кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Ч.В.(63) од Куманово, кој во 22.00 часот починал. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување на градежни работи на подрачјето на Чаир. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.02.2024 во СВР Скопје, 67-годишен маж од Скопје пријавил дека во неговиот дом на подрачјето на Драчево, по претходна расправија, физички бил нападнат од неговата снаа М.М. и неговите малолетни внуци, кои употребиле и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (01.03.2024) околу 03.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека во с.Смојмирово, беровско, настанал пожар во куќа сопственост на Д.Т. од с.Смојмирово. Од екипа на Територијалната противпожарна единица пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од екипа од ОВР Берово.

На 28.02.2024 во 12.50 часот во СВР Скопје, Д.Д.(67) од Скопје пријавил дека во периодот од 19.02. до 28.02.2024 во место викано „Шталица" во с.Горна Матка, општина Сарај, бил опожарен сандак со пчели и мед. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.02.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Македонски Брод било пријавено дека во сопствениот дом во с.Крапа бил пронајден починат Б.В.(80). Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, увид извршила увидна екипа од ОВР Македонски Брод, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 29.02.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје, Т.М.(58) од Скопје пријавила дека во својот дом на подрачјето на Чаир го пронашла починат нејзиниот син И.М.(35) од Скопје, кој имал здравствени проблеми. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а увид извршила увидна екипа од СВР Скопје. По наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 29.02.2024 во 22.30 часот во Полициската станица Карпош, Н.Д.(42) од Скопје пријавила дека на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје била касната од куче со сопственик.

На 29.02.2024 во 21.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, Б.К.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Франк Харкорт Манинг" во Скопје, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник. Исто така, во Полициската станица Кисела Вода и неговиот син Х.К.(20) пријавил дека на истата улица бил каснат од куче скитник.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против Н.Љ.(60) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во Министерство за труд и социјална политика, тој не пријавил дека неговата мајка, која била корисник на права на „семејна инвалиднина", починала на 22.01.2013, по што во периодот од 01.02.2013 до 06.03.2022 продолжил да ги користи правата. На тој начин тој нанел штета на Буџетот за сума од 2.410.328 денари.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Џ.Б.(50) од с.Житоше, И.Т (22) од с.Сенокос, Б.Н.(34) од Прилеп, В.С.(40) од Прилеп и И.Р.(43) поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „тешка кражба".На 10.10.2023, Б.Н. и В.С. со употреба на сила и погоден алат од една куќа одзеле пари, накит и полуавтоматска ловечка пушка. По ова, И.Т., Б.Н. и В.С. ја продале пушката на лице од с.Дебреште, а која подоцна завршила во домот на првопријавениот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет